Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 15.04.2023

На 14.04.2023 околу 23.00 часот на обиколница Скопје, на клучка Стајковци кон клучка Радишани, скопско, полициски службеници го лишиле од слобода Е.И.(24) од с.Грчец, општина Сарај. Претходно, на клучка кај С.Арачиново тој не застанал на даден знак за запирање од полициски службеници и со возило „сеат ибица" со скопски регистарски ознаки продолжил со движење, при што од возилото фрлил кеса со марихуана. Набргу, по преземени мерки од полициски службеници бил запрен, а дрогата била пронајдена и одземена. Е.И. бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.04.2023 во 16.05 часот во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода В.Т.(27) од Струмица. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени кокаин и дигитална вага. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.04.2023 околу 21.15 часот на бул.„ВМРО" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Центар ги лишиле од слобода Е.М.(26) и Ф.А.(39), двајцата од Скопје. Тие се сомничат дека околу 21.00 часот со употреба на сила влегле во подрумски простории во зграда на ул.„Орце Николов" и одреле предмети. Лицата биле задржани во полициска станица, а одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.04.2023 во 14:30 часот на подрачје на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Х.И.(33) од с.Палиград, скопско. Тој бил баран по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на казната.

На 14.04.2023 во 23.40 часот во тетовско Одри полициски службеници го приведе В.Д. (43),постапувајќи по пријава од страна на П.В. , директор на Клиничка болница Тетово дека В.Д.,вработен како анестезиолог во болницата, снимал и објавувал преку мрежата „тик ток" лекарски персонал и пациенти на кои им се пружала лекарска помош.Известен е јавен обвинител и по документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.04.2023 во 15.30 часот на магистралниот пат во близина на Струга, полициски службеници од ОВР Струга ги лишиле од слобода Х.Г.(39) и С.Ѓ.(38), двајцата од Охрид. При контрола во патничко возило „опел астра", во кое биле двајцата, било пронајдено и одземено шише со непозната течност. Притоа, било констатирано дека С.Ѓ. бил баран по потерница врз основа на наредба на Основен суд Охрид за издржување затворска казна и бил спроведен во Казнено-поправната установа во Струга за издржување на казната. По целосно документирање на случајот ОВР Струга ќе поднесе соодветна пријава.

На 14.04.2023 во 20.30 часот на подрачје на Шуто Оризари, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.Б.(38) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 15.04.2023 во 00.50 часот на подрачје на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Л.Х.(32) од с.Кочилари, општина Градско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 15.04.2023 во 01.25 часот на подрачје на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Р.(20) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Во текот на изминатата вечер (15.04.2023) во периодот од 00.00 до 04.00 часот од страна на секторите за внатрешни работи и патролни тимови составени од полициски службеници од Одделот за информирана полиција, спроведена е акциска контрола за контрола на странски државјани кои немаат регулиран престој или извршуваат работни задачи без соодветна дозвола или го злоупотребуваат престојот на територијата на цела држава. При контролата, со која беа опфатени 146 угостителски објекти, седум обложвалници и казина, како и три сместувачки капацитети, приведен е еден странски државјанин поради не поседување на документи за лична идентификација, а констатиран е и еден кривично дело за точење алкохол на малолетни лица по член 204 од Кривичниот законик.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (14.04.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 79 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 37 санкции, 10 мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон при возење, три санкции за некористење сигурносен појас...

На 14.04.2023 во 21.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Партизански одреди" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „алфа ромео" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.С.(23) од Скопје и патничко возило „тојота аурис" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.Н. (29) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле сопатничките во возилото „алфа ромео", М.К.(21) и К.М.(18), двете од Скопје, додека двајцата возачи и сопатничите од возилото „тојота" Љ.Ј.(62) и Р.Ј.(34) од Скопје се здобиле со телесни повреди констатирани во Градската општа болница „8 Септември" и Комплексот клиники „Мајка Тереза". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 14.04.2023 околу 18.15 часот во Полициската станица Ресен било пријавено дека на правата крстосница за влез на с.Гричани, ресенско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу возилото без регистарски ознаки, управуван од Е.А.(18) од с.Асанати, ресенско и патничко возило „киа" со странски регистарски ознаки, управувано од А.С.(33) од Струга. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот Е.А. констатиран во Клиничка болница Битола. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Ресен.

На 14.04.2023 околу 18.00 часот во СВР Куманово било пријавено дека на крак од ул.„11 Ноември" во Куманово, патничко возило „ауди" со кунаковски регистарски ознаки, управувано од С.Ѓ.(35) од Куманово, удрило во малолетен пешак од Куманово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетникот, констатиран во Општа болница Куманово. Увид на местото извршила екипа од СВР Куманово.

На 14.04.2023 околу 09.00 часот во СВР Велес било пријавено дека на ул.„Никола Карев" во Велес, П.И. (79) од Велес, управувајќи мотоцикл со велешки регистарски ознаки изгубил контрола и паднал на коловозот. Притоа, П.И. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Општа болница Велес. Увид на местото извршила екипа на СВР Велес.

На 14.04.2023 во 14.45 часот во Полициската станица Чаир, Ф.С.(23) од Скопје пријавил дека на ул. „Бутелска" бил каснат од куче скитник.

На 14.04.2023 во 15.00 часот во ОВР Кичево, Б.А.(46) од Скопје пријави дека во кичевската населба „Бичишци" бил каснат од куче скитник.

На 15.04.2023 во 01.05 часот во Македонска Каменица, полициски службеници од Полициското одделение Македонска Каменица го лишиле од слобода Н.Ј.(22) од Македонска Каменица затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.04.2023 во 00.35 часот на ул. „Качанички пат" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го приведе А.Д.(25) од Скопје поради сомнение дека околу 23.20 часот во дворот од семејната кука пукал со пиштол. Пиштолот бил пронајден и одземен, а на местото биле пронајдени повеќе чаури. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.04.2023 околу 20.00 часот во Полициската станица Валандово било пријавено дека на ул.„Никола Карев" во Валандово се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фиат" со валандовски регистарски ознаки, управувано од К.С.(40) од Валандово и мотоцикл без регистарски ознаки, управуван Д.Б.(31) од Валандово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот констатиран во Здравствен дом Валандово. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Валандово.

На 14.04.2023 во 23.10 часот во ОВР Гостивар било пријавено дека на ул.„Беличица" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „пежо" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Л.К.(23) од Гостивар и патничко возило „волксваген голф" со гостиварски регистарски ознаки, кое го напуштило местото. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Л.К. констатирани во Медицинскиот центар Гостивар. По преземени мерки возилото „голф" било пронајдено и било утврдено дека е сопственост на лицето Б.Ч.(43) од Гостивар. Увид на местото извршила екипа од ОВР Гостивар и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.04.2023 во ОВР Гостивар, 33-годишна жена од гостиварско, со живеалиште во Германија, пријавила дека била измамена од лице од гостиварско село. Според пријавеното, преку неколку години тие се договориле лицето да посредува за приклучување на броило за електрична енергија во нејзината новоизградена куќа, по што таа во неколку наврати му испратила пари. Како што е пријавено, по неколку години кога отишла во ЕВН да види колкав долг има за плаќање и было кажано дека во нивните евиденции не постои броило на тоа име, по што сфатила дека е измамена. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.04.2023 во 11.50 часот во СВР Скопје, 42-годишен штипјанец пријавил дека бил измамен од едно лице за сума од 400 евра. Според пријавеното, откако тој се договорил со лицето да му извреши занаетчиски работи на неговата куќа во скопско село, лицето побарало од него на патарина Миладиновци да ги даде парите на друго лице, а потоа тој ќе му ги врати. Како што е пријавено, откако тој дал парите телефонскиот број на лицето веќе не бил достапен, по што сфатил дека е измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.04.2023 во 14.20 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Љ.С. (56) од Велес затоа што во семејниот дом физички ја нападнал неговата 54-годишна сопруга. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.04.2023 во 09.14 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„11 Октомври", при извршување работни задачи, А.С.(43) од Скопје - вработен во ЈП „Комунална хигиена" се здобил со повреди и починал на местото. Смрт констатил лекар од Итна медицинска помош, а увид извршила екипа од СВР Скопје. За настанот бил известен трудов инспектор и по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било дадено на одјукција.

На 15.04.2023 во 00.40 часот во Полициската станица Ресен, битолско, пријавил дека на 14.04.2023 околу 21.30 часот во угостителски објект во селото бил физички нападнат од Д.П. од с.Долно Оризари. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.04.2023 во 01.00 часот во Полициската станица Ресен било пријавено дека во угостителски објект во Ресен бил нарушен јавниот ред и мир од физичка пресметка помеѓу Д.Т. и М.Т., двајцата од Ресен, од една страна и Ѓ.Г. и С.Г., двајцата од Ресен, од друга страна. По документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 14.04.2023 во 23.00 часот во СВР Велес, Л.А.(38) од Велес пријавила дека околу 22.00 часот во двор на средно училиште во Велес нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од двајца други малолетници.

На 15.04.2023 во 03.50 часот, полициски службеници од ОВР Кавадарци го приведе Т.Т.(18) од Кавадарци затоа што околу 03.20 часот пред угостителски објект во Кавадарци физички го нападнал С.Т.(19) од с.Марена, кавадаречко. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.04.2023 во 01.40 часот во СВР Струмица, Н.Ч.(45) од Струмица пријвил дека околу 01.20 часот во угостителски објект во Струмица бил физички нападнат од Р.Б. и неколку други лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.04.2023 околу 17.30 часот, полициски службеници ги приведе Љ.Д.(24) од Скопје и С.С.(33) од Прилеп затоа што го нарушиле јавниот ред и мир на фудбалски натпревар на стадион „Борис Трајковски". По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 14.04.2023 во 16.40 часот во СВР Скопје, С.М.(37) од Скопје пријавил дека во 16.20 часот на ул. „Беласица" бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.04.2023 во 15.15 часот, полициски службеници го приведе З.Х.(46) од с.Бојане, скопско, затоа што во 14.00 часот физички го нападнал М.А.(38) од Тетово и агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 14.04.2023 во 14.00 часот во СВР Скопје, вработена во Домот „25 Мај" пријавила дека штитеник на домот, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.04.2023 во 21.40 часот, полициски службеници од СВР Скопје ги приведе С.С.(24) и М.С.(18), двајцата од Скопје, затоа што го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.04.2023 во 12.00 часот во СВР Битола, А.Ц.(56) од Битола пријавил дека на ул.„Кочо Чолаков" бил каснат од куче скитник.

На 14.04.2023 во 16.30 часот во Полициското одделение Теарце, А.Б.(20) од с.Лешок, тетовско, пријавил дека во селото бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет